МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

IDSCS | Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

# Економијата во изборните програми

*Анализа на изборните програми*
*на политичките партии*

**Издавачи**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Институт за демократија Социетас цивилис – Скопје (ИДСЦС)
Македонски институт за медиуми (МИМ)

**За издавачите**
Сашо Клековски, прв извршен директор на МЦМС
Александар Кржаловски, извршен директор на МЦМС
Владимир Мисев, претседател на ИДСЦС
Билјана Петковска, извршен директор на МИМ

**Автор**
Јасмина Поповска

**Подготовка**
Јасмина Поповска и Фисник Шабани, МЦМС

ИСБН 978-608-4617-29-7

Мислењата што се изразени овде им припаѓаат на авторите и не ги одразуваат ставовите на издавачите или донаторите на овој извештај.

**МЦМС, ИДСЦС, МИМ**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачите, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачите.

# Содржина

**Листа на кратенки** ... **3**

**Вовед** ... **4**

**Општи информации за програмите** ... **5**

**Застапеност на економијата во програмите** ... **6**

**Понуда и предлози за економијата** ... **6**

Одржлив развој ... 7

Мали и средни претпријатија ... 7

Туризам ... 8

Енергетика ... 9

Инфраструктура ... 9

Транспорт и комуникации ... 9

**Заклучоци** ... **11**

**Прилози**

Прилог 1. Предлози во изборните програми за воспоставување на одржлив развој ... 13

Прилог 2. Предлози/предвидени активности во изборните програми за поддршка на мали и средни претпријатија ... 16

Прилог 3. Предлози во изборните програми за инвестирање во енергетика ... 17

Прилог 4. Предлози во изборните програми за развој и инвестирање во инфраструктура ... 19

Прилог 5. Веб-страници на кои се објавени програмите ... 21

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО - Демократска партија за македонско национално единство |
| ВМРО-НП | ВМРО - Народна партија |
| ДПА | Демократска партија на Албанците |
| ДУА | Демократска унија на Албанците |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕПМ | Европска партија на Македонија |
| ЛДП | Либералпо-демократска партија |
| НД | Нова демократија |
| НДП | Национална демократска преобразба |
| НДУ | Национална демократска унија |
| ОМ | Обединети за Македонија |
| ПДП | Партија за демократски просперитет |
| ПОДЕМ | Партија на обединети демократи за Македонија |
| ППД | Политичка партија Достоинство |
| ППДД | Политичка партија Демократска десница |
| СДПМ | Социјалдемократска партија на Македонија |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| СДУ | Социјалдемократска унија |

| | |
|---|---|
| ДДВ | Данок на додадена вредност |
| ИКТ | Информатичко-комуникациска технологија |
| ЈП МРТ | Јавно претпријатије Македонска радио-телевизија |
| МСП | Мали и средни претпријатија |

# ВОВЕД

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Институтот за демократија Социетас цивилис - Скопје (ИДСЦС) и Македонскиот институт за медиуми (МИМ) во април 2011 г. започнаа повеќе заеднички активности за вонредните парламентарни избори во рамките на интегриранаата платформа Мојот избор 2011. Активностите вклучуваат испитување на јавното мислење, набљудување на изборните програми и кампањи, на медиумите, на изборната администрација и на денот на гласањето.

Во овој извештај е презентирана **квантитативна и квалитативна анализа на програмите на политичките партии за вонредните парламентарни избори во 2011 г.** од аспект на предлози и решенија за економијата.

Во анализата се вклучени **програмите на оние политички партии кои доставиле или објавиле програма за изборите**. Програмите на политичките партии кои беа доставени или објавени на албански јазик, беа преведени на македонски јазик и потоа анализирани.

Во овој документ се претставени резултатите од спроведената анализа и заклучоците кои произлегуваат од неа. Дел од резултатите од квантитативната анализа се претставени графички преку графикони и/или табели, а се користат и апсолутни бројки и проценти.

## Општи информации за програмите

За вонредните парламентарни избори во 2011 година, најголем дел (15 или 83 %) од политичките партии/коалиции кои се натпреваруваат за власт објавија/понудија (изборни) програми. Програмите се разликуваат како во содржината, така и во обемот.

**Табела 1: Преглед на политичките партии* кои доставиле/објавиле програма за парламентарните избори 2011 (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Веб-страница | Година | Јазик | Бр. на стр. |
|---|---|---|---|---|
| Демокрациа е ре – Партија за нова демократија (НД) | да | - | Албански | 29 |
| Партија на обединети демократи за Македонија (ПОДЕМ) | да | 2011 | Македонски | 50 |
| Социјалдемократска унија (СДУ) | да | 2011 | Македонски | 48 |
| Демократска унија на Албанците (ДУА) | да | 03/2011 | Албански | 48 |
| ВМРО- Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ ) | да | 2011 | Македонски | 284 |
| Демократска унија за интеграција (ДУИ) | да | 12/2009 | Албански | 87 |
| Демократска партија на Албанците (ДПА) | да | 06/2009 | Албански | 13 |
| Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | да | 2011 | Македонски | 139 |
| Национална демократска унија (НДУ) | не | 2011 | Албански | 4 |
| Либерално – демократска партија (ЛДП) | да | 2011 | Македонски | 122 |
| Политичка партија Демократска десница | да | 2011 | Македонски | 40 |
| Европска партија на Македонија | да | 2011 | Македонски | 9 |
| Партија за демократски просперитет (ПДП) | не | 2011 | Албански | 9 |
| Национална демократска преродба (НДП) | да | - | Албански | 10 |
| Обединети за Македонија (ОМ) | да | 2011 | Македонски | 64 |

*Врски до програмите на политичките партии се дадени во прилог 1, а истите може да се најдат и на www.mojotizbor.mk.

ВМРО - Народна партија (ВМРО-НП), Политичка партија Достоинство (ППД) и Социјалдемократска партија на Македонија (СДПМ) не доставија и немаат објавено изборни програми на нивните веб-страници.

## Застапеност на економијата во програмите

Економијата се спомнува во сите 15 понудени програми. Поголем дел, 12 од 15 (80 %) имаат посветен дел само за економија на различни нивоа од програмите. Останатите ја имаат вметнато економијата во различните сектори: децентрализација, дискриминација, политичко-административна законска рамка и др. без посебно да одвојат простор за неа.

Три политички парти во чии изборни програми има најголема застапеност на економијата во однос на целосната содржина на програмата се ПОДЕМ (60%), ЕПМ (56%) и ВМРО- ДПМНЕ (48%).

**Табела 2: Колку се спомнува економијата (по редослед во избирачко ливче)**

| Политичка партија | Стр.[1] | Страници[2] | Простор во програма (%)[3] |
|---|---|---|---|
| НД | 7/29 | 7 - 13 | 24% |
| ПОДЕМ | 30/50 | 5 - 34 | 60% |
| СДУ | 21/48 | 15 - 35 | 44% |
| ДУА | 2/39 | 14, 15 | 5% |
| ВМРО-ДПМНЕ | 136/284 | 10 - 145 | 48% |
| ДУИ | 24/87 | 8 - 31 | 28% |
| ДПА | 1/15 | 13 | 7% |
| СДСМ | 44/139 | 4 - 47 | 32% |
| НДУ | 1/5 | 3 | 20% |
| ЛДП | 39/122 | 9 - 47 | 32% |
| ППДД | 5/40 | 13 - 18 | 13% |
| ЕПМ | 5/9 | 4 - 8 | 56% |
| ПДП | 1/9 | 7 | 11% |
| НДП | 3/10 | 6, 7, 10 | 30% |
| ОМ | 27/64 | 6-24, 28-36 | 42% |

1 На колку страници се спомнува (од вкупно колку, на пр. на 7 од вкупно 29 страници)
2 Броевите на страниците во кои се спомнува и може да се прочита повеќе
3 Колкав процент од содржината на целата програма е посветен на економијата.

Најголем дел, без разлика дали имаат посебен дел за економија (10 од 15) нудат одредени мерки за подобрување на целокупната економија или на нејзини сегменти (види табела 2). Останатите ги имаат презентирано нивните ставови за економијата. Предлозите и мерките главно се однесуваат на надградба на законската рамка, подобрување на бизнис-климата, поддршка на мали и средни претпријтија, намалување даноци, развој на енергетскиот сектор, развој на туризмот, инвестиции во инфраструктурата и комуникациите. Помал дел од партиите (на пр. ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ) во програмите имаат наведено и што имаат досега направено за економијата.

**Табела 3: Посветени посебни делови од програмата и конкретни мерки**

| Политичка партија | Посебен дел и наслов | Конкретни предлози и мерки |
|---|---|---|
| НД | Економија | Не |
| ПОДЕМ | Нова економска визија за македонски подем | Да |
| СДУ | Развој | Да |
| ДУА | - | Не |
| ВМРО-ДПМНЕ | Економија со висок и одржлив раст | Да |
| ДУИ | Развиена и интегрирана економија | Да |
| ДПА | - | Не |
| СДСМ | Работни места | Да |

| | | |
|---|---|---|
| НДУ | Економија | Не |
| ЛДП | Економска модернизација на земјата | Да |
| ППДД | Економска стратегија | Да |
| ЕПМ | Економија | Да |
| ПДП | - | Не |
| НДП | Економски систем | Да |
| ОМ | Економија | Да |

## Понуда и предлози за економијата

Политичките партии имаат слични погледи на економијата, најголемиот дел сметаат дека подобар амбиент за бизнисот, подобрена конкурентност и поддршка на избрани економски дејности, а особено поддршка на секторот на мали и средни претпријатија, на краток рок можат најбрзо и најмногу да придонесат за развојот на економијата, да привлечат странски инвестиции, што на крај ќе резултира со отворање на нови работни места и подобар живот на граѓаните.

### Одржлив развој

Голем дел, 10 од 14, од политичките партии смета дека долгорочниот одржлив развој државата ќе го обезбеди преку мерки за подобрување на бизнис-климата, ниска стапка на инфлација, даночни олеснувања и друга поддршка за стимулирање на домашните инвестиции, производството и за подобрување на конкурентноста на македонските бизниси, со крајна цел да се намали невработеноста. Седум од овие 10 сметаат дека стимулирање и поддршка на извозните компании е основата на долгорочниот одржлив развој. Четири од 14 партии се залагаат за остварување на повисоки стапки на раст на БДП. Другите три партии (ДУА, ДПА и ПДП) одржливиот развој го гледаат низ призма на целосна рамноправност и еднаква застапеност на етничките Албанци во системот, односно: пропорционална распределба на буџетот, да се постави еднакво рамката на идните структурни фондови од ЕУ и фондовите предвидени за Македонија да се распределат на начин што ќе се отстранат регионалните и етничките разлики. Една од партиите (НД) нема посветено дел за одржлив развој во својата изборна програма (прилог 1. Предлози во изборните програми за воспоставување на одржлив развој).

### Мали и средни претпријатија

Малите и средни претпријатија се сè повеќе во фокусот на политичките партии, па така 9 од 15-те партии кои понудија програми предлагаат активности/мерки за поддршка на малите и средни претпријатија како главни носители на економскиот развој.

Нема големи разлики во понудените мерки, 8 од 9 партии имаат конкретни мерки за создавање на поттикнувачка средина за развој на МСП преку унапредување на регулаторната рамка, финансиска поддршка и/или фискални ослободувања, три од нив се залагаат и за поефикасна јавна администрација (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ЛДП), додека други даваат предност на одредени сектори (СДУ, ЛДП и НДП). Три од партиите предвиделе стимулативни мерки за занаетчиството (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ОМ). (прилог

2. Предлози /предвидени активности во изборните програми за поддршка на мали и средни претпријатија).

## Туризам

Во 10 од 15 изборни програми посветен е посебен дел на развој на туризмот. Слично како и за претходните подрачја дел од партиите презентираат општи заложби, а дел конкретни мерки. Намалување на стапката на ДДВ за туристички услуги предлагаат 4 од 10-те партии, од кои три се со конкретен предлог за намалување на стапката на ДДВ од 18 % на 5 % (СДУ, ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП). Изборните програми на 4 партии опфаќаат мерки за развој на инфраструктурата во туризмот, додека 6 од 10-те партии се залагаат за меѓународна промоција на туризмот во Македонија.

**Табела 4:  Предлози во изборните програми за развој на туризмот**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| НД | - Нова демократија ќе се ангажира за развој и афирмација на таканаречениот езерски туризам, туризам на бањи, културен туризам, алпинизам и рурален туризам и културно спортскиот туризам (стр.14). |
| ПОДЕМ | - ПОДЕМ се залага за: решавање на проблемите со колекторскиот систем на отпадните води долж крајбрежјето на Охридското Езеро, Преспанското и Дојранското Езеро, субвенционирање на туристичкиот сектор, решение за покачување на нивото на Преспанското Езеро, стратегија за развој на алтернативниот туризам, силна и агресивна промоција на туристичкиот сектор (стр.17). |
| СДУ | - СДУ приоритети: зголемување на туристичката понуда преку привлекување на странски инвеститори, развој на алтернативниот и транзитниот туризам и даночни олеснувања кое и сега го бараат нашите работници во оваа област, како и со намалување на ДДВ од 18 на 5 % (Стр.35). |
| ВМРО-ДПМНЕ | - Како директна поддршка на развојот на туризмот, ќе ја намалиме стапката на ДДВ за туристички услуги од 18 % на 5 %. Креирање на интегриран туристички информациски систем со веб–портал. Инвестиции во подобрување на инфрастуктурата во туризмот и поттикнување на транзитниот туризам (стр.132). |
| ДУИ | - ДУИ ќе се ангажира за развој на туризмот, ќе се подржат инвестициите во развојот на инфраструктурата и туристичките капацитети и политиките за стандард и квалитет на туристичките услуги, ќе се прошири портфолиото на туристичката понуда со развој на мрежата за алтернативен туризам, ќе се ангажираме во меѓународното претставување на земјата и регионалната и билатералната соработка (стр.21-22). |
| СДСМ | - Новата Влада ќе им даде на туристичките агенции субвенција како процент од вкупниот исклучиво евидентиран девизен прилив од продажбата на туристички услуги на странци во претходната година. Алтернативно, ќе се разгледа можноста за намалување на стапката на данокот на додадена вредност за туризмот. Ќе издвојува најмалку 1 милион евра годишно за организација на општа туристичка промоција на Македонија (стр.32). |
| ЛДП | - Либерално демократската партија се залага за намалување на стапката на ДДВ од сегашните 18 % на повластената стапка од 5 %. Притоа, таа да важи за целата дејност т.е. за сите туристички и транспортни услуги (стр.44). |
| ППДД | - Поддршката во овој сектор вклучува: формирање на посебна Македонска туристичка агенција, меѓународна ефективна и фокусирана кампања за рекламирање на Македонија, подобрување на инфраструктирата за клучните зимски и летни туристички центри како што се Маврово, Охрид, Попова Шапка итн. (стр.16). |
| НДП | - НДП се ангажира за развој на зимски туризам, стационарен туризам и летен, базирајќи се врз капацитетот на планинските терени каде можат да се скијаат многу скијачи, посебно во терените на Шар Планина и за развој на културен туризам (стр.6). |
| ОМ | - ...За таа цел, ние имаме неколку приоритетни цели кои се ориентирани кон развој на сите видови на можни туристички одредници: развој на партнерството помеѓу претпријатија, креирање одржлив туристички производ, консолидација на имиџот на туристичките дестинации (стр.13). |

## Енергетика

Од 15 изборни програми, десет содржат предлог-мерки за инвестирање во енергетскиот сектор, и тоа сите 10 програми посебно внимание даваат на штедење на енергија и експлоатација на обновливи извори на енергија. Пет од нив, предлагаат конкретни инвестиции во хидроцентрали и термоенергетски капацитети, а шест од нив инвестиции за развој на гасоводна мрежа. Мал дел од партиите (СДСМ и ЛДП) во својата изборна програма се залагаат за учество на државата во изградбата на нуклерана централа во соработка со други земји (прилог 3. Предлози во изборните програми за инвестирање во енергетика).

## Инфраструктура

Предлози за инвестирање во инфраструктурата се застапени во 11 од 15-те изборни програми, кај девет од нив има конкретни предлози, додека во останатите две се содржани општи ставови за инвестициите во инфраструктурата (ППДД и НДП). Десет партии ја истакнале потребата за инвестирање во патната инфраструктура, додека осум партии опфаќаат и предлози за унапредување на железничката инфраструктура (прилог 4. Предлози во изборните програми за развој и инвестирање во инфраструктура).

## Транспорт и комуникации

Во девет изборни програми се спомнува развојот на електронски комуникации, додека пет партии спомнуваат мерки за инвестирање и за развој на транспортот. Развојот на електронски комуникации кај дел се спомнува како реформа на јавниот сервис ЈП МРТ (СДУ и ОМ) и дигитализација (ВМРО-ДПМНЕ), кај друг дел програми воспоставување на широкопојасен интернет (СДСМ, ОМ), а кај трет електронско плаќање и безбеден интернет (ППДД).

**Табела 5: Предлози во изборните програми за развој и инвестирање во транспортот и комуникациите**

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | - ...Целосно компјутерско опремување на основните и средни училишта, факултетите и научните установи, креирање централни бази на податоци и веб сајтови за сите институции од областа на образованието, развој на електронско учебникарство (стр.22). |
| СДУ | - СДУ - приоритети: развој на либерализиран пазар на телекомуникации, воведување на современа Европска регулатива, обезбедување поволности за развој на извозно ориентирано производство во домен на информатичката технологија, комплетна либерализација на фиксната телефонија. Ние од СДУ се залагаме за реформа и спас на јавниот сервис (стр.29). |
| ВМРО-ДПМНЕ | - Согласно со планот ќе се реализираат следните проекти: Премин од аналогна во дигитална телевизија, изградба на дигитална телевизиска мрежа ДВБ-Т, телевизија со висок квалитет, дигитализација на ЈП МРТ (стр.86).<br>- Проекти за подобрување на транспортните услуги за граѓаните, обновување на возниот парк за превоз на патници на Македонски железници АД Транспорт – Скопје, набавка на 150 вагони од различни типови за товарен превоз (стр.78). Електронско издавање билети, подготовки за изградба на нов карго-аеродром во Штип, евтини летови до Европа (стр.83). Електронска наплата на патарини (стр.76). |
| ДУИ | - ДУИ, се ангажира за реализација на проектите кои ќе помогнат во слободна, брза и сигурна комуникација во сите сфери на сообраќајот и транспортот, железничкиот сообраќај, воздушниот сообраќај; Електронски комуникации (стр.29). |
| СДСМ | - Новата Влада: ќе ја искористи ИКТ за суштинска реформа во јавната и државна администрација, ќе промовира ИКТ алатки за подобрување на енергетската ефикасност, ќе обезбеди рамноправен пристап кон широкопојасен интернет пристап на граѓаните од сите делови на Македонија, ќе обезбеди намалување на цените за роаминг на домашните мобилни телекомуникациски оператори, ќе направи измена на Законот за додадена |

| | |
|---|---|
| | вредност, за категоризација на интернетот и ТК услугите како повластена даночна стапка од 5% (стр.33).<br>- Во врска со патниот сообраќај, новата Влада: ќе преземе активности за намалување на цената на зелениот картон, ќе воведе систем на електронска наплата на патарини (стр.48). |
| ЛДП | - Ослободување на домашните радиодифузни установи од задолжителното користење на сателитски услуги и ориентирање кон постојни интернет врски заради поекономично работење и полесен пристап на населението до медиумската продукција во РМ (стр.100).<br>- ЛДП ги определи следниве точки за иницијален развој: е-влада, дигитална архива на јавната администрација, воведување ISO стандарди, одржливи и еколошки набавки на IT опрема, е-учење, е-универзитети, е-здравство, е-рецепти и поддршка на македонската софтверска индустрија (стр.101). |
| ППДД | - Ќе работиме за тоа да се почитуваат авторските права во овој домен на создадени добра. Уникатните софтверски решенија и нивните автори треба да бидат наградувани. - Доверливоста во Интернетот ќе ја поставиме на ниво на кое ќе бидеме сигурни дека нашите податоци се заштитени додека вршиме on-line плаќања. (стр.17). |
| ЕПМ | - Целосно заокружување на едношалтерскиот систем на јавни услуги,  раст на економијата базирана на знаење (стр.4). |
| НДП | - Подобрување на сегашната структура на транспортот во земјата (стр.6). |
| ОМ | - Приоритет во решавање на проблемите во меѓународниот транспорт ќе има поделбата на CEMT дозволите и обновувањето на застарениот возен парк. Заради безбедност во сообраќајот ќе донесеме Закон кој ќе го стимулира и олесни купувањето возила со стандард EURO 4 и 5.<br>- Заради поефикасен превоз и намалување на загадувањето во Скопје ќе го реализираме проектот за трамвајски превоз.<br>- Спроведување на национална стратегија за идната генерација на широкопојасен интернет, развојот на електронски комуникации со информатички технологии, развој и изградба на нови оптички мрежи  развој на радиодифузниот сектор и обезбедување на ефикасна конкуренција меѓу субјектите, воведување и развој на дигитализација на електронските медиуми (стр.29). |

## Заклучоци

**1. Во сите понудени програми се спомнува економијата, а поголем дел од политичките партии нудат предлози за унапредување на економијата.**

Економијата се спомнува во **сите 15** понудени програми. Поголем дел, **12 од 15 имаат посветен дел** на економија. Останатите ја имаат вметнато економијата во различните сектори: децентрализација, дискриминација, политичко-административна законска рамка и др. Три политички парти во чии изборни програми има најголема застапеност на економијата во однос на целосната содржина на програмата се ПОДЕМ (60%), ЕПМ (56%) и ВМРО- ДПМНЕ (48%).

Во **10 од 15** програми се **нудат одредени конкретни мерки** за унапредување на економијата. Останатите ги имаат презентирано нивните ставови за економијата. Предлозите и мерките главно се однесуваат на надградба на законската рамка, подобрување на бизнис-климата, поддршка на мали и средни претпријтија, намалување на даноците, развој на енергетскиот сектор, развој на туризмот, инвестиции во инфраструктура и комуникациите.

**2. Голем фокус на одржлив развој**

**Голем дел**, 10 од 14, од политичките партии смета дека долгорочниот одржлив развој државата ќе го обезбеди преку мерки за подобрување на бизнис-климата, ниска стапка на инфлација, даночни олеснувања и друга поддршка за стимулирање на домашните инвестиции, производството и за подобрување на конкурентноста на македонските бизниси, со крајна цел да се намали на невработеноста. Седум од овие 10 сметаат дека стимулирање и поддршка на извозните компании е основата на долгорочниот одржлив развој. Другите три партии (ДУА, ДПА и ПДП) одржливиот развој го гледаат низ призма на целосна рамноправност и еднаква застапеност на Албанците во системот, пропорционалната распределба на буџетот, да се постави еднакво рамката на идните структурни фондови од ЕУ и фондовите предвидени за Македонија да се распределат на начин што ќе се отстранат регионалните и етничките разлики.

**3. Малите и средни претпријатија се сè повеќе во фокусот на политичките партии**

Од **15-те партии** кои понудија програми **девет** предлагаат активности/мерки за поддршка на малите и средни претпријатија како главни носители на економскиот развој. Во **8 од 9 програми** има **конкретни мерки** за создавање на поттикнувачка средина за развој на МСП преку унапредување на регулаторната рамка, финансиска поддршка и/или фискални ослободувања, три од нив се залагаат и за поефикасна јавна администрација (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ЛДП), додека други даваат предност на одредени сектори (СДУ, ЛДП и НДП). Три од партиите предвиделе стимулативни мерки за занаетчиството (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ОМ).

**4. Помали даноци, подобра инфраструктура и меѓународна промоција на туризмот**

Во **десет од 15** изборни програми посветен е **посебен дел на развој на туризмот**. **Четири од 10-те** партии предлагаат **намалување на стапката на ДДВ** за туристички услуги, од кои три од 18% на 5% (СДУ, ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП). Четири од изборните

програми опфаќаат **мерки за развој на инфраструктурата во туризмот**, додека шест од 10-те партии се залагаат за **меѓународна промоција на туризмот** во Македонија.

**5. Енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија основа на енергетскиот развој**

Десет од 15 изборни програми содржат предлог-мерки за инвестирање во енергетскиот сектор, и тоа сите десет програми посебно внимание даваат на **штедење на енергија и експлоатација на обновливи извори на енергија**. Пет од нив, предлагаат конкретни инвестиции во **хидроцентрали и термоенергетски капацитети**, а шест од нив инвестиции за развој на **гасоводна мрежа.** Мал дел од политичките партии (СДСМ и ЛДП) се залага за учество на државата во изградбата на **нуклерана централа** во соработка со други земји.

**6. Голем дел од партиите со конкретни предлози и проекти за инвестирање во патна и железничка инфраструктура**

Единаесет од 15-те изборни програми опфаќаат предлози за **инвестирање во инфраструктурата**, кај девет од нив има конкретни предлози. Десет партии ја истакнале потребата за инвестирање во **патната инфраструктура**, додека осум партии опфаќаат и предлози за унапредување на **железничката инфраструктура.**

**7. Голем дел од партиите предвидуваат мерки за развој на електронските комуникации, помал дел и за транспортот**

Во девет изборни програми се спомнува развојот на електронски комуникации, додека пет партии спомнуваат мерки за инвестирање и за развој на транспортот. Развојот на електронски комуникации кај дел се спомнува како **реформа на јавниот сервис** ЈП МРТ (СДУ и ОМ) и **дигитализација и модернизација** на телевизијата (ВМРО-ДПМНЕ), кај друг дел воспоставување на **широкопојасен интернет** (СДСМ, ОМ), кај трет електронско **плаќање и безбеден интернет** (ППДД).

## Прилог 1. Предлози во изборните програми за воспоставување на одржлив развој

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | - Македонската економија преку ПОДЕМ мора да ги оствари следните цели: зголемување на понудата на домашни и меѓународно разменливи производи преку најразлични форми на поддршка на извозот, супституирање на дел од увозните производи и релативно намалување на вкупниот увоз, реформа на јавниот сектор, одржување флексибилен девизен курс и деполитизација на фискалната политика, фокусирање кон реиндустријализација, зголемување на конкурентната позиција во регионот и пошироко, развивање и стимулирање на корпоративното управување, менаџментот и претприемништвото, обезбедување институционална и финансиска поддршка на апликативната научно-истражувачка работа преку финансирање на научно-истражувачки проекти кои се во директна корелација со бизнис секторот (стр.6). |
| СДУ | - Основните цели на макроекономската политика, во наредиот период, според СДУ треба да поаѓаат од зголемувањето на бруто домашниот производ, со стапка на просек од 5 до 6% на годишно ниво. Контролирана инфлација која на годишно ниво не смее да достигне повеќе од 5% и буџетскиот дефицит исто така треба да изнесува најмногу 3% на годишно ниво, извозната ориентација на македонското стопанство се смета како една од позначајните цели на севкупната политика (стр.15). |
| ДУА | - ДУА бара: соодветна оштета за причинетите штети во економијата на Албанците во Македонија; ревизија на процесот на денационализација и во согласност со ова барање ние бараме враќање на сите имоти на Албанците и таму каде тоа не е можно да се компензира најправично; во следните 20 години 50% од државниот буџет да се издвои за териториите населени со албанско мнозинство, за да се компензира штетата од извршениот грабеж на придонесите на албанските граѓани; државата Македонија да создаде посебни развојни фондови, со кои на албанските бизнисмени кои ќе нудат развојни проекти да им се обезбедат долгорочни кредити и без камата, за да се компензира грабежот на јавните и општествените претпријатија изградени и со придонесот и потта на Албанците, од Европската унија фондовите предвидени за Македонија да се распределат на начин што ќе се отстранат регионалните и етничките разлики (стр. 13). |
| ВМРО-ДПМНЕ | - Доколку не се случи нова светска економска криза, во периодот 2012-2013 очекуваме порастот на БДП да се движи во рангот 4,0%-5,0%, додека во периодот 2014-2015 порастот на БДП ќе достигне 5,5%-7,0%. Одржување на контролиран буџетски дефицит на умерено ниво од околу 2%, но најмногу до 3,0% од БДП и одржување на државниот долг на ниво меѓу 30% и 35% од БДП (стр.12). Во наредниот четиригодишен период очекуваме раст на извозот помеѓу 8% и 10% и раст на увозот помеѓу 6% и 8% годишно (стр.13).<br>- И во наредниот период ќе ја одржуваме инфлацијата на ниско ниво од околу 3% годишно (стр.14).<br>- Во следниот четиригодишен период очекуваме стапката на невработеност да се намали под 25% ВМРО-ДПМНЕ има за цел и во периодот 2011-2015 Република Македонија да биде земја со најмали даноци во Европа. Мерките и проектите за подобрување на бизнис-климата и конкурентноста што ќе ги реализира ВМРО-ДПМНЕ во периодот 2011-2015 се групирани во две области: подобрување на бизнис-климата и зајакнување на конкурентноста на економијата (стр.29). |
| ДУИ | ДУИ се стреми да постигне годишен економски раст од 6-8 % на среднорочен период. (стр.11). |
| ДПА | - Целосна рамноправност и еднаква застапеност на Албанците во системот, како на добрата на системот така и на носењето одлуки. Овде припаѓа пропорционалната распределба на буџетот (стр.13). |
| СДСМ | - Новата Влада ќе спроведува политика на извоз која што ќе се заснова на три клучни столба: поддршка на производството ориентирано за извоз, а произведено од домашни фирми и земјоделци (стр.8).<br>- Новата Влада ќе биде фокусирана на тоа капиталните инвестиции на државата во наведените области да се доведат на ниво повисоко од 6% од БДП, за да имаат ефект |

| | |
|---|---|
| | врз економскиот раст на среден до долг рок (стр.9)<br>- Новата Влада ќе води даночна политика која е разумна и добро избалансирана (стр.13). Помошта што новата Влада ќе ја дава на бизнис секторот ќе биде насочена во неколку правци: создавање подобар амбиент за работа, подобрување на конкурентноста на домашните фирми и поттикнување на развојот на одредени сектори што треба да ја повлечат целата економија (стр.17).<br>- Новата Влада ќе преземе конкретни и осмислени чекори за привлекување на странски директни инвестиции (стр.50). |
| НДУ | - НДУ ќе се залага да ја развие пазарната економија со поттикнување на слободната економска иницијатива и со зголемување на приватната сопственост како доминантна форма во создавање и прифаќање на сопственоста, со приватизирање на јавната економија, либерализирање на пазарот и лиценцирањето, спроведување на потикнувачките фискални политики, кредитирање и др. НДУ се залага локалниот економски развој да биде главна цел, како за централната власт, така и за единиците на локалната самоуправа, преку создавањето на инвестициски фондови и териоријални економски совети. НДУ се залага за пораст на инвестициите, подобар економски развој и пораст на стапката на економска отвореност, како и за зајакнување на човечкиот потенцијал со помош на реформите во образовниот и здравствениот систем (стр. 3). |
| ЛДП | - ЛДП е целосно подготвена да ги спроведе следниве клучни реформски мерки: воведување на нулта стапка на данок на добивка, укинување на дискриминаторскиот годишен данок на вкупен приход за микропретпријатијата, нулта толеранција за неплаќањата на обврските на владата, воведување на ефикасни механизми за наплата на побарувањата помеѓу компаниите, намалување на вкупните зафаќања од бруто платата, силен фокус на микро, малите и средни претпријатија, нова буџетска структура, подобрување на бизнис климата (стр.11).<br>- ЛДП се залага: висината на инвестиции во екологијата и одржливиот развој да биде во износ од 1% од бруто домашниот производ на годишно ниво (стр.51). |
| ППДД | - Демократска Десница ги определи како основни начела и ги вгради во својата политичка и економска програма борбата против корупцијата и еднаквата примена на законот. Демократска Десница ќе ги спроведе потребните реформи со кои ќе се намалат и поедностават административните процедури. Отварање на центри со поврзани услуги каде на едно место ќе се завршуваат целокупни постапки. Демократска Десница ќе го прекине сегашниот тренд на негативно мешање на државата во бизнисот и нејзиното учество во целокупниот деловен амбиент (стр.18).<br>- Демократска Десница предвидува комбинација на мерки со кои ќе ги намали давачките на граѓаните и фирмите (стр.20). |
| ЕПМ | - Менување на поплитиката на привлекување странски инвестиции, подобрување на бизнис климата, на инфраструктурата и на работната сила, подобро функционирање на правната држава, поефикасно судство, скратување на процедурите за разните договори.Поттикнување на проактивна улога на домашниот бизнис во барањето на странски партнери. Фискална реформа во однос на даночни олеснувања за странските инвеститори (стр.4).<br>- Олеснување на процесот на дијалог со бизнис заедницата. Превземање на мерки за зголемување на извозот (стр.7). |
| ПДП | - Реформи на институционалната и одлучувачката структура на внатрешните фондови за економски развој и на европските фондови во овој пред пристапен период на Македонија во ЕУ, за да се постави еднакво рамката на идните структурни фондови од ЕУ по влезот на Македонија во НАТО и ЕУ (стр. 8). |
| НДП | - НДП се залага: за стабилен економски развој и отворање на нови работни места со помош на стимулативните економски политики и поттикнувањето на директни домашни и странски инвестиции во економијата на земјата, за развој на економски стабилен, транспарентен и интегриран систем, полицентричен, еднаков и стабилен развој на Македонија, со помош на спроведување на соодветните политики за регионален развој, за поеднаков територијален економски развој на сите региони во Република Македонија и за воспоставување на динамичен економски баланс. Во овој контекст наша цел е промена на сегашниот концепт за регионален развој.<br>- НДП се залага: за голема буџетска дисциплина, стремејќи се државниот буџет да се изготвува врз основа на економската реалност на земјата и да се распределува пропорционално на целата територија на државата, за стабилна монетарна и девизна политика, кои се соодветни за една отворена економија и економија во транзиција, за поддршка на проектите за техничка и финансиска асистенција која ќе овозможи |

| | |
|---|---|
| | самовработување, вработување во малите бизниси и вработување врз основа на социјалните програми на невработените лица и за стимулативни државни политики во односите со дијаспората, во функција на економскиот развој на земјата и враќање на дијаспората во родното место (стр.6). |
| ОМ | - Исполнување на приоритетните стратешки цели: номинален износ на бруто домашното производство на македонската економија од 10,9 милијарди евра до крајот на 2015 година; постигнување на просечен годишен реален раст на бруто домашното производство од 7 насто на годишно ниво; зголемување на стапката на капитални инвестиции, создавањето на нови работни места и значајното намалување на стапката на невработеност.<br>- Нашата крајна цел е создавање на една динамична и конкурентна бизнис околина, посебно во кластерите каде што имаме меѓународно, потенцијално-конкурентни предности (стр.7). |

## Прилог 2. Предлози/предвидени активности во изборните програми за поддршка на мали и средни претпријатија

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| ПОДЕМ | - Зголемената конкурентност значи да се намалат претприемачките трошоци, што без соодветна фискална реформа и смалување на даночното оптоварување не ќе биде можно (стр.8). |
| СДУ | - СДУ цени дека услови за поинтензивен развој на мали и средни претпријатија ќе се создадат особено во електронската индустријата, металопреработувачката и електронската индустрија (стр.28). |
| ВМРО-ДПМНЕ | - Политиката на ниски даноци и придонеси, брзата и едноставна процедура за влез на пазарот и регистрација на фирма, поедноставената регулатива со Регулаторната гилотина, намалените трошоци за фирмите и можност за електронско поднесување и добивање административни документи, како и олеснетиот пристап до финансиски средства. Затоа ВМРО-ДПМНЕ ќе продолжи со финансиската поддршка и унапредуцање на регулаторната рамка за развој на малите и средни претпријатија. Ќе го поттикнеме кластерското поврзување и економијата од обем. Со цел поттикнување на претприемништвото, преку Програмите за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП, ќе се продолжи со финансиска поддршка на проекти од бизнис-инкубаторите. Проекти: Фармер-претприемач, Жени-претприемачи, Македонска автентична ракотворба (стр.56). |
| СДСМ | - Создавање на систем за „оне-стоп шоп“ услуги за вадење на дозволи од секаков тип од јавната администрација. Создавање на мрежа на функционални бизнис-инкубатори и старт-ап центри низ целата земја. Воведување на програми за помагање на развојот на жените-претприемачи во руралните области. Зголемување на поддршката за малите и средни претпријатија од МБПР, преку воведување на нови програми на банката. Воведување на програми за помагање на развојот на жените-претприемачи во руралните области. Проект „Занаетчиите се национално богатство“ (стр. 5). |
| ЛДП | - ЛДП се залага за следниве мерки: воведување на ефикасни механизми за наплата на побарувањата помеѓу компаниите, оформување на посебен владин фонд со средства во висина од 5 милиони евра, чија основна задача би била ефикасно и брзо преземање на долгувањата кон малиот и среден бизнис, обезбедување пристап до поволни кредитни линии за микро, малите и средни претпријатија и значително зголемување на буџетската поддршка за микро, малите и средни претпријатија. Поддршка на домашни и странски инвестиции во селектирани сектори во форма на даночни олеснувања, целосно воведување на електронско работење во јавните институции, отворање на бизнис инкубатори (стр.25). |
| ППДД | - Активности кои значат конкретна поддршка за развој на мали и средни претпријатија која значи развој на постоечките и креирање на нови мали бизниси. Програмата предвидува создавање на услови за отварање на мали семејни бизниси (стр.14). Демократска Десница предвидува посебна програма со која ќе го олесни земањето на кредити на малите бизниси (стр.21). |
| ЕПМ | - Интернационализација на МСП, односно спроведување на мерки и програми заради зголемување на нивната конкурентност и извозните можности. Формирање на повеќе бизнис инкубатори. Соодветни владини субвенции. Намалување на висината на даноците (стр.7). |
| НДП | - НДП се залага: за развој на малите и средни претпријатија, особено на семејниот бизнис, регионалниот бизнис, индустрискиот бизнис, агрокултурниот бизнис и туристичкиот бизнис, за изнаоѓање на соодветни алтернативи за искористување на земјата во државна сопственост, со цел поттикнување на земјоделието и агробизнисот во државата, за давање на субвенции и во случај на извоз ќе се залага за намалување на царинските даноци, со цел поттикнување на развојот на малите претпријатија, за развиено земјоделие, развојот на земјоделството да создаде институции на микрофинанцирање во село, користејќи ги успешните меѓународни искуства и ќе се ангажира користејќи ги надворешните инвестиции на странски капитал, да консолидира извозна структура главно во стоки во секторот на обработката (стр.6). |
| ОМ | - Обединети за Македонија се залага за следните клучни мерки: овозможување ефективна подготовка за стартување на нови бизниси, создавање услови, во кои што поголем број граѓани ќе изразат реална желба за започнување со претприемнички |

| | |
|---|---|
| | активности, донесување на закони и правилници, кои на малите бизниси ќе им ја даваат максималната флексибилност во ангажирањето и ослободувањето на вработените. Занаетчиството за нас е област од посебен интерес (стр.11). |

## Прилог 3. Предлози во изборните програми за инвестирање во енергетика

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| НД | - НД ќе се ангажира за пронаоѓање на поекономични извори на енергија и проектирање на инвестициски проекти; политика на штедење на енергијата, односно што порационално нејзино искористување и зголемување на учеството на енергијата добиена од алтернативни извори во енергетскиот биланс на земјата (стр. 12-13). |
| ПОДЕМ | - ПОДЕМ се залага за: зголемување на експлоатацијата на еколошки, домашни обновливи извори на енергија и систематизирано и координирано спроведување на мерки за енергетска ефикасност (стр.34). |
| СДУ | - ...Во таа насока, СДУ ќе работи на: изградба на хидроцентралите Чебрен и Галиште со буџетски sретства, подготовки за изградба на термоенергетски капацитети, рационално искористување на расположивите домашни енергетски ресурси, вклучувајќи ги и обновливите видови на енергија. Забрзана изградба на гасоводни мрежи во поголемите населени места (стр.19). |
| ВМРО-ДПМНЕ | - И во следните четири години, Владата формирана од ВМРО-ДПМНЕ уште повеќе ќе ги зголеми инвестициите во модернизација на постојните и во изградба на нови енергетски објекти. Нов рудник за јаглен и нова термоелектрана во Мариово, нов рудник за јаглен во Живојно, нов рудник за јаглен во Поповјани и ревитализација на ТЕЦ Осломеј, геолошки истражувања на рудници за јаглен, ревитализација и модернизција на РЕК Битола. Топлификација на градот Битола (стр.120).<br>- Изградба и ревитализација на хидроелетрични централи (стр.122).<br>- Активно работиме на два стратешки приоритета: Изградба на Националниот гасоводен систем и вклучување на Македонија во меѓународните гасоводни коридори (стр.126). Го стимулираме производството на електрична енергија од обновливите извори (стр.127). |
| ДУИ | - Развојот на енергетскиот систем, ќе се базира на овие начела и приоритети: либерализација на пазарот, енергетска сигурност, зголемување на производството на енергија, диверзификација на енергетските ресурси, зголемување на интерконекциите со земјите од регионот, зголемување на енергетската ефикасност и зголемување на енергетските капацитети од енергетските обновливи ресурси. ДУИ ќе се фокусира во поддршка на проекти за развој на алтернативните извори на енергија. ДУИ се определува и за развој и реформи на електро-енергетскиот сектор, секторот на природен гас, секторот на нафта и нафтени деривати (стр.19-22). |
| СДСМ | - За стабилна и сигурна енергетска иднина на Република Македонија новата Влада: ќе направи докапитализација на АД ЕЛЕМ до 49%, ќе отпочне инвестиционен циклус во производството на електрична енергија, ќе започне: изградба на нова гасна електрана и развој на дистрибутивна гасоводна мрежа, изградба на нова термоелектрана, изградба на хидроелектрани, отворање на рудник во Мариовскиот јагленов базен, АД ЕЛЕМ ќе продолжи со инвестициите во нови рударски капацитети за задоволување на потребите од јаглен, ќе продолжи со градба на интерконективни капацитети со соседните земји, ќе ги поедностави постапките и процедурите за реализација на проектите поврзани со обновливите извори. Ќе се разгледаат можностите за коинвестирање во нуклеарна електрана заедно со друга(и) земја(и) (стр.37). |
| ЛДП | - Сериозно и одговорно посветена на бројните проблеми во областа на енергетика ЛДП се залага за: долгорочен темелен стратегиски пристап и интезивен развој на енергетскиот сектор, силна ориентација кон заеднички инвестиции со соседните земји, приоритет да се даде на искористување на енергијата на речните текови, итни и интезивни активности насочени за изградба на акумулацијата Луково поле, концесија на мали хидроцентрали, стимулирање на производсво и потрошувачка на сончевата, ветровата енергија и другите енергии од обновливи извори, многу поенергични мерки и активности за гасификација. ЛДП се залага за учество на државата во изградбата на нуклерана централа Белене. Следен приоритет ќе бидат термоелектраните на фосилно гориво со површински коп (стр.37). |
| ППДД | - Најбрзиот и најефикасен дел од развојот на Република Македонија треба да се даде во делот на енергетиката. Нашата држава располага со извонредни ресурси за производство на електрична енергија, преку водата, сонцето и ветерот, Проект за изградба на топловод од РЕК Битола (стр.15). |

| | |
|---|---|
| ЕПМ | - Изработка на студија за искористување на: енергијата на водата, енергијата на сонцето и енергијата на ветерот. Откупување на енергија (струја) од приватни производители по бенифицирани цени (стр.5). |
| ОМ | - За да се подобри состојбата во енергетскиот сектор, во најкус можен рок, Обединети за Македонија, ќе имплементира мерки, со цел, постигнување на следниве приоритетни цели: обезбедување на дополнителни средства за постоечките термоелектрани и хидроцентрали, спроведување на итна постапка за изградба на нова термоцентрала, отварање на нови рудници за јаглен, донесување на долгорочна државна стратегија за алтернативна енергија, имплементација на проектот Мариово, создавање услови за максимално искористување на природниот гас (стр.33). |

## Прилог 4. Предлози во изборните програми за развој и инвестирање во инфраструктура

| Пол. партија | Предлози/заложби |
|---|---|
| НД | -...сообраќајна врска (патна, железничка и на телекомуниакциите) со соседните земји и модернизација на постоечката инфраструктура на сообраќајот. Во прв план тука се појавува потребата за сообраќајни врски со магистралните транс-балкански правци исток-запад.<br>- НД особено ќе се ангажира за железничка врска со Република Албанија изградувајќи железничка врска Кичево-Струга-Подградец (стр.13-14). |
| ПОДЕМ | - Решавање на инфраструктурните проблеми на патните правци кои водат до Охрид (Битола и Кичево), како и решавање на инфраструктурните проблеми во самиот град (паркинг просторот), изградба на пристаништа во Струга, с. Радожда и с. Трпејца (стр.17). |
| СДУ | - На Македонија и на македонската економија, за да биде конкурентна што поскоро и се потребни капиталните инвестици: автопат Скопје–Гевгелија - да се заврши, модернизира и реконструира автопат Велес–Струмица со кој ќе се поврзе цела источна Македонија, автопат Скопје–Охрид, модернизацијата на авионската инфраструктура со изградба на карго-аеродром во Струмичко, итна модернизација на железничката инфраструктура, посебно во делот на меѓународното поврзување (стр.19). |
| ВМРО-ДПМНЕ | - Со изградбата на делниците Табановце-Куманово и Демир Капија-Смоквица во Република Македонија Коридорот 10 ќе биде целосно изграден на ниво на автопат.<br>- Автопатско поврзување меѓу Куманово и Крива Паланка. Автопатско поврзување помеѓу Гостивар и Охрид, со крак кон Албанија (стр.63).<br>- Проекти: Пристапни патишта за новата населба во општина Крушево, Реконструкција и рехабилитација на регионалните и локалните патишта, Изградба на други патни правци, Изградба на мостови, (стр.69).<br>- Со цел подобрување на сообраќајната мрежа во градот Скопје и полесно одвивање на сообраќајот во градот Скопје, изработивме студија за сообраќајниот систем на град Скопје (стр.75).<br>- Ремонт на железничка пруга во должина од 54 км од Коридорот 10. Железничко поврзување на Република Македонија со Република Бугарија, железничко поврзување на Република Македонија со Република Албанија, изградба на железнички крак од Коридор 10 кон Кавадарци, рехабилитација и надградба на железничката станица во Скопје (стр.78).<br>-Комплетно реновирање и доизградба на аеродромот Александар Велики во Скопје (стр.83). |
| ДУИ | - Енергетска инфраструктура; развојот на инфраструктурата на туристичките капацитети; Посебно внимание, ДУИ му посветува на изградбата и одржувањето на патната и железничката инфраструктура, инсистирајќи на функционалност, профитабилност и економска оддржливост; инфраструктурата на паневропските коридори 8 и 10 и Патот на Арбери (стр. 27). |
| СДСМ | - Во врска со патната инфраструктура, новата Влада: ќе ги продолжи и доврши сите проекти кои се започнати, а за кои се склучени договори за финансирање со кредити од странство. Новата Влада ќе се фокусира на: поврзување со автопатишта со сите соседни земји. Изградба и обновување на магистрални и локални патишта.<br>- Во воздушниот сообраќај, новата Влада:ќе започне активности за проектирање, изградба, адаптација и опремување на пет хелиодроми и три хидродроми на територијата на Република Македонија, наменети за посебни потреби.<br>- Во водениот сообраќај, новата Влада: ќе направи трансформација, реорганизација и правно редефинирање на Капетанијата на пристаништата, со неопходно техничко, технолошко, инфраструктурно и кадровско опремување и осовременување.<br>- Во железничкиот сообраќај, новата Влада: ќе започне со активности за реконструкција на железничката пруга на коридорот 10 и 10д (стр.48). |
| ЛДП | - Инфраструктурни приоритети на ЛДП се: инвестициите во енергетиката, инвестициите во патните коридори и инвестициите во железничките коридори (стр.33).<br>- ЛДП се залага за речиси двојно зголемување на инвестициите во патишта, односно нивно учество од 6% во вкупниот буџет, што значи дека во следните 6 фискални години треба да се инвестираат помеѓу 980 и 1.040 милиони евра. ЛДП се залага за |

| | |
|---|---|
| | интензивна трансформација на железничкиот систем заради подобрување на неговата конкурентност, со крајна цел значајно да се зголеми обемот на превезена стока и патници по пат на железница (стр.40-41). |
| ППДД | - Демократска Десница инвестициите ќе ги насочи во изградба на патна инфраструктура, во логистички центри и информатички услуги кои ќе обезбедат рамномерен развој на земјата и ќе го забрзаат економскиот раст. (стр.16). |
| ЕПМ | - ...Изградба на три нови градови, изградба на брза железница која ги поврзува сите градови во РМ, изградба на подземна железница (стр.1). |
| НДП | - НДП се ангажира за квалитетно подобрување и проширување на патната мрежа во целата територија на земјата (стр.6). |
| ОМ | - Стратешки интерес на Обединети за Македонија е изградба на двата Пан-Европски Коридори број 10 и број 8. (стр.29).<br>- Железнички сообраќај и инфраструктура: ќе бидат ремонтиарани делниците од коридорите 8 и 10, завршување на железничкиот коридор 8, изградба на првиот каргоаеродром во Македонија, реализација на проектот за приватизација на аеродормите, за санација и надградба на постојните пристаништа во Охрид, дефинирање на определен простор за водена писта, изградба на мали пристаништа на Дојранско и Преспанско езеро, за поттикнување на поефтина станбена изградба (стр.29). |

# Прилог 5. Веб-страници на кои се објавени програмите

| Подносител | Програма |
|---|---|
| НД | http://www.demokraciaere.org/pod/docs/ProgramiDR_1.pdf |
| ПОДЕМ | http://podem.org.mk/PODEM_Docu/programa2011Podem.pdf |
| СДУ | http://www.sdu.org.mk/images/stories/dokimenti/izborna-programa-sdu.pdf.pdf |
| ДУА | http://bdsh.eu/docs/platforma.pdf |
| ВМРО-ДПМНЕ | http://vmro-dpmne.org.mk/Dokumenti/Manifest_za_reformi_i_razvoj.pdf |
| ДУИ | http://www.aliahmeti.org/dokumente/programi09.pdf |
| ДПА | http://www.gurra-pdsh.org/ |
| СДСМ | http://www.zatvojataidnina.mk/upload/pdf/Programa_SDSM_2011.pdf |
| ЛДП | http://ldp.org.mk/Dokumenti/LDPProgramaImaIzlez.pdf |
| ППДД | http://www.demokratskadesnica.org/programa.pdf |
| НДП | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| ЕПМ | http://www.epm.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=49&Itemid=57 |
| НДП | http://www.rdk.org.mk/index.php/programi |
| ОМ | http://www.obedinetizamakedonija.mk/File/OM%20-%20Izborna%20Programa%20-%202011.pdf |

На веб-страницата на интегрираната платформа за набљудување на вонредните парламентарни избори 2011: **www.mojotizbor.mk** може да се најдат сите доставени/објавени програми на политичките партии.